**20221642561**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 19 јули 2022 година.

Бр. 08-3268/1
19 јули 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 287/21), во член 18 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Доколку на вработениот за време на службеното патување во земјата му е обезбедено сместување и исхрана, на вработениот му припаѓа 20% од дневницата утврдена во ставот 1 на овој член.“.

Член 2

Во член 23 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Средствата утврдени во Раздел 040.01 – Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 16 – Поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Средствата утврдени во Раздел 040.01 – Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма П 1 – Мерки за справување со Covid-19 кризата и други антикризни мерки, се користат по претходно донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија, за поддршка на граѓаните, институциите и стопанството со цел надминување на определени непредвидени состојби.“.

Член 3

Во членот 33 став 2 по зборовите: „ставка 464 – Разни трансфери“ запирката се заменува со сврзникот „и“ и се додаваат зборовите: „ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации,“.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Средствата утврдени во Раздел 140.01 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Потпрограма 60 – Водостопанство, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар, ставка 480 – Купување на опрема и машини, ставка 482 – Други градежни објекти и ставка 485 - Вложувања и нефинансиски средства, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.“.

Член 4

Во член 34 по зборовите: „Потпрограма 21 - Интервентен фонд за земјоделството, ставка 464 – Разни трансфери,“ се додаваат зборовите: „Потпрограма 22 - Поттикнување на потрошувачка на свежо овошје, зеленчук, млеко и млечни производи, ставка 464 - Разни трансфери,“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.